# Living the Lotus 3

## Buddhism in Everyday Life

2026
VOL. 246




## Thai and Cambodian Youth Pray for Peace amid Border Conflict on February 8 Joined by the Global Sangha of Rissho Kosei-kai

**Living the Lotus**
**Vol. 246 (Март 2026)**

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада, Сугинами-Ку,
Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Такаси Маеда
Едитор: Сачи Микава
Цопs Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот `ивот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.

# Размислувајќи за значењето на единство

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи



## Погледот на човештвото и светот во Лотос Сутрата

Светата книга на која ние членовите на Ришо Косеи-каи се потпираме и веруваме во неа е, нема потреба да се каже, Тројната Лотос Сутра (Сутрата на Неизмерни значења, Сутрата на Лотосовиот Цвет на Чудесната Дарма, и Сутрата на Методот за Контемплирање на Бодисатвата Универзален Мудрец). Особено, ние ги вреднуваме вистините за човештвото и светот кои се откриени во Сутрата на Лотосовиот Цвет на Чудесната Дарма (Лотос Сутра).

Погледот на Лотос Сутрата на човештвото е дека луѓето почнуваат со умот на сочувство, тогаш стремат и превземаат дела да ја зголемат среќата и да ги намалат страдањата на луѓето околу нив – со други зборови, човечките битија стануваат бодисатви. Следно, погледот на светот на Лотос Сутрата е учењето дека ако сите луѓе осознаат дека тие се бодисатви, и ако секоја личност се разбуди кон и ја манифестира нивната вродена буда природа, тогаш овој саха свет – вистинскиот свет на човечки битија – веднаш ќе биде трансформиран во земја на спокојно светло.

Понатаму, јас верувам дека Лотос Сутрата нé подучува дека ништо нема да биде решено – од големите глобални проблеми за кои ние слушаме овие денови до помалите проблеми блиски до домот – освен ако ние не престанеме да очекуваме нешто или некој друг да ги ре ши тие проблеми за нас и секој од нас да стреми, без залутување, кон патот на хуманоста, исто како да ние сме (бодисатви) извирајќи од земјата.

Ова може да изгледа како попрво поедноставена интерпретација, но Лотос Сутрата ја пренесува пораката дека тоа е прецизно анонимни, обични поединци како нас кои ја имаат способноста и одговорноста да ги решат проблемите на животот и светот, на таков начин охрабрувајќи не да се разбудиме кон фактот дека ние сме бодисатви. Оваа порака е поддржана од основните принципи на Лотос Сутрата: 'Целиот живот е дел од и одржуван од еден голем живот' и ‘се е едно.’

## Универзумот е еден, светот е еден

‘Постоеше само една цел за мене кога јас го основав Ришо Косеи-каи, и тоа беше да ги ослободам луѓето од страдање.’ Тие зборови беа изговорени од Основачот Никјо Нивано. Пораката од овој месец може да звучи како уште една Лотос Сутра интерпретација затоа што Лотос Сутрата ја формира основата за размислување на основачкиот дух на оваа организација и го зајакнува важниот концепт дека ‘се е едно,’ кое е динамичната сила за ослободување на луѓето.

‘Се е едно.’ Оваа идеја е, се разбира, базирана на Едното Возило учење на Лотос Сутрата. Изоставувајќи ги комплицираниите детали, ова едноставно значи дека ‘универзумот е еден, Земјата е една, и светот е еден.’

Земјата била родена во универзумот кој продолжил да еволуира како еден ентитет, како една животна форма, и се што постои на оваа Земја постои во взаемна состојба на меѓуповрзаност. Тоа е, се поддржува и е подржано од се друго. Овој факт значи дека целокупниот универзум може да се смета за еден голем живот и ни покажува дека секој од нашите индивидуални животи е обединет како едно. Тоа е исто случајот, во светот на религијата, дека многу различни верби го имаат заеднички принципот на единство на сите нешта и учењата за умот на сочуство и љубов. И над се, различни верби се едно во нивните чувства на почит и величање на Господ и Будата. Заради тоа, ако сите луѓе – не само луѓето на верба – престанат да престојуваат во мали разлики, ги свртат нивните очи кон тоа што го имаат заедничко, и препознаат дека тие се навистина ‘едно,’ подлабоко чувство на сочуство и толеранција ќе исплива во нивните умови и дека, за возврат, ќе го зголеми светот на оослободување кое носи со себе мир и надеж за живот. Кога ова е речено, човечките битија се неспособни да го направат ова.

Во однос на оваа работа, Основачот Нивано советувал, ‘Другите луѓе имаат нивна сопствена индивидуалност, нивна сопствена позиција, и нивни сопствени околности. Кога вие ќе го разберете тоа, великодушно чувство да се прифатат и прегрнат тие луѓе природно се издига во вас.’ Околу истото време, на Третиот Светски Собир на Религиите за Мир (1979), тој издал предупредување кое се чини дека ја предвидува сегашната состојба на светот и планетата: ‘Ние мора да се издигнеме над тесно-умниот национализам. Ние мораме да достигнеме поширок регионализам, и на крајот се-прегрнувачки глобализам.’ Дури сега, скоро половина век после Третиот Светски Собир, јас чувствувам длабоко чувство на каење дека основачкиот дух на нашата организација – целта на ‘ослободување луѓе’ – не била целосно реализирана, и јас мислам дека ние треба повторно да размислуваме на нашата мисија да изградиме заедно свет во кој секој се поддржува еден со друг и ние сме сите обединети како еден.

(Од *Косеи*, Март 2026)



# Практикувајќи ја Дармата Тука и Сега

*Сокузе Дојо*

## Десетте таквости: Причина и Состојба

Продолжувајќи од претходниот месец, ние сме одушевени да го споделиме следното издание на Практикувајќи ја Дармата Тука и Сега од Др. Доминик Скаранџело, Интернационалниот Советниик на Ришо Косеи-каи. Сокузе Доџо е инспирирано од поглавје 21 на Лотос Сутрата и го пренесува принципот на ‘Медитација на Местото на Патот’ – увидот дека секое место може да биде место на практикување. Ова учење топло нé потсетува дека ние можеме да ја живееме Дармата во нашите секојдневни животи – било дома, на работа, или на школо.



Др. Доминик Скаранџело

Овојпат, ние ќе го разгледаме ‘таква причина’ и ‘таква состојба’ и зошто разбирањето на нив е суштинско за живеење на Патот во нашите секојдневни животи.

Во Март, ние научивме дека врвната причина за нашето однесување лажи во самите нас – диспозицијата на нашите умови (таква природа). Клучно е да ние го разбереме ова како што треба. Во нашите секојдневни животи, ние сретнуваме неизбројни нешта и ситуации, и секој од нив станува состојба преку која потенцијата (таков потенцијал) се издигнува од диспозицијата на умот манифестирајќи конкретни функционирања (дела). Тие дела, за возврат, стануваат причини кои носат последици во светот.

Понекогаш луѓето погрешно ги толкуваат изјавите ‘причината внатре во нас’ како тврдење дека состојбите со кои се сретнуваме не влијаат на нашите животи или ги ограничуваат нашите опции. Будините учења не ги негираат постоењето на структурни или социоекономски фактори кои создаваат тешки предизвици. Сепак, постои голем опсег на можни реакции на состојбите со кои се соочуваме, дури и кога тие состојби се груби. Некои начини на реагирање го продлабочуваат нашето страдање, додека други го намалуваат тоа и нé водат нас кон ослободување.

Прифаќајќи дека ‘причината е внатре во нас’ не е пасивност во лицето на тешкотиите на животот. Баш спротивно. Тоа ни дава моќ преку покажување дека ние секогаш имаме средство. Оваа слобода на срцето е аспект на нашата ‘таква природа’ која природно дава издигнување на потенцијалот да делуваме во начини кои водат кон поголема среќа за себеси и другите.

Основачот Нивано ја објаснил оваа раскрсница на ‘таква причина’ и ‘таква состојба’ со пример на момче кое седи во полн воз. Љубезноста во срцето на момчето (таква природа) создава потенцијал (таков потенцијал) за сочуствително дело (таква функција). Кога тој приметува кревка стара личност која се мачи да стои и веднаш го понудува неговото седиште, тој потенцијал се манифестира како дело кое станува причина за позитивна промена во светот.

Поч. Кошо понекогаш нуди пример на бирање на касиер во продавница. Кога ќе сретнеме повеќе отворени каси, ние имаме тенденција да го бираме тој со персонал на најпријателски лик на касиер. Но ако нашите срца се исполнети со бодисатвина желба да им донесеме на луѓето среќа, ние ќе направиме различен избор – ние ќе одиме кај несреќно-изгледачки касиер. Ние неможеме да знаеме за сигурно, но за се што знаеме, насмевката која ќе ја понудиме може да ги промени околностите на денот на таа личност, или дури нивниот живот. Лотос Сутрата подучува во Поглавје 2, ‘Вешти значења’ дека дури и навидум незначајни доблесни дела можат да издигнат ‘ефект на пеперутката’ – не преку причинување на олуја, туку преку ставање во движење на ланец на причини и состојби кои ќе го трансформираат светот на подобро.

Во јазикот на Десетте Таквости, такви трансформации се сметаат како ‘таков резултат’ и ‘таква награда’. Ние ќе ги анализираме тие подлабоко следниот пат.

При крајот, јас би сакал да се осврнам како нашето разбирање на ‘таква причина’ и ‘таква состојба’ може исто така да биде употребена за практикување на Вистината на Причина и да го открие корењата на нашето страдање.



Еднаш, пријател ми посочи дека иако сум вообичаено трпелив и спор на лутина, постоеше една ситуација во која јас бев изненадувачки лут заради нешто многу неважно. Соработник кој постојано ме прашуваше за превод на кој работев, иако тој не беше доспеан за неколку недели. Јас го сметав тоа за екстремно вознемирувачко. ‘Зошто ти стана лут?’ мојот пријател ме праша. Размислувајќи за мојата состојба на ум во тоа време (таква природа) јас осознав дека јас почуствував дека соработникот не ми веруваше дека ќе ја завршам обврската. Јас го искусив нивното однесување како осуда на мене како непоуздан и недоверлив.

Зошто јас толку се внесов во делата на мојот соработник? Како што стоев со таа емоција и ја анализирав подлабоко, јас осознав дека таа има ехо во чувство кое јас го искусив како дете кога одреден возрасен ме омаловажи како неспособен и недоверлив. Преку понатамошно размислување, јас препознав дека јас го вградив тоа осудување во форма на трајна одбрамбеност. Затоа сега кога јас чувствувам дека другите се сомневаат во мене, јас имам тенденција да одговорам со чувства на лутина.

Иако јас сум обично трпелив, јас открив дека јас носам во себе потенцијал за лутина и дека тоа има тенденција да се манифестира кога јас сретнувам посебна состојба – ситуации во кои јас осеќам дека се сомневаат во мене. Таквите околности стануваат состојби кои овозможуваат таа латентна лутина да се јави на површина, создавајќи издигнување на конфликт и страдање. Врвната причина е навистина во мене, и за да се осврнам на ова страдање, јас морам да ја обработам повредата и ранетата самодоверба која остана во моето срце од минатото.

Јас го споделувам ова искуство затоа што тоа ме подучува дека преку осврнување не само на моите дела туку и на тоа како реагирам различно на различни состојби (таква состојба), јас можам да ја практикувам Вистината на Причината и да разберам зошто јас се чувствувам и делувам како што правам. Десетте таквости не се само апстрактна доктрина; тие се средствата на Лотос Сутрата за примена на Четирите Племенити Вистини директно на нашите животи.





# Извештај од теренот од Сангха

Поч. Кевин Роче
Свештеник, Сан Антонио Дарма Центар

## Хоза, Тедори, и лекувачко Чувство на заедницата

За повеќето од 2024, ние имавме посетител со нас во РКОК кој беше во неговите рани триесетти. Тој беше нежен, љубезен, мек на зборови, и се чинееше дека претежно слуша, иако тој повремено зборуваше за време на Неделната утринска хоза, или ‘Дарма круг.’

Како што тој поминуваше повеќе време со сангата, тој сподели со нас дека додека тој живеел далеку од неговиот роден град и во друга држава за да дипломира школо, тој искусил дијагноза и лечење од рак. Тој продолжил преку кажување дека имал ремисија после одредено време. Добро беше да се знае дека тој бил во ремисија и немал потреба од понатамошен третман, но се чинеше дека тој има емоционална тежина во него, тензија која јас допрва требаше да ја разберам.

Во раниот Јануари 2025, тој потпиша за членство и го следеше тоа со почесто присуство на Неделните утрински служби, класови и медитации. Тој почна да биде поотворен со мене и сангата, учествувајќи во тедори, или ‘помагање на членовите да ја зголемат нивната поврзаност со Дармата.’ Во истото време, тој беше исто така присутен кога други санга членови споделуваа за загуби кои тие ги доживеални низ годината, и тој бил сведок како ние си даваме простор еден со друг, не давајќи директни совети туку слушајќи со отворено срце.

Тој ја сподели со мене тешкотијата на бивање дипломски студент во неговите дваесетти кога се соочувал со потенцијална терминална болест така рано во животот. Предизвиците оделе длабоко исто така, со огледа на тешкотиите на справување со административните аспекти на нашиот здравствен систем тука во Соединетите Држави; овој дел беше посебно фрустрирачки за него. Во прилог, физичките и емоционални аспекти на третманот на рак и озбилноста на болеста го остави него со чувство на изолација од другите.

Како што тој споделуваше понатаму во тедори и слушаше во хоза, јас ја видов емоционалната тежина и тензијата која тој ја имаше во првата година тука во РКОК пополека испаруваше. Јас верувам дека додека ова беше заздравувачко патување за него, тоа беше големо искуство на учење за мене исто така во лекувачката моќ достапна на членовите низ комбинација на хоза и тедори. Во хоза, давање простор е моделирано за сечие учество; постои чувство на доверба, сигурност, и осознавање дека трансдентирање на страдањето е можно за луѓето дури и кога околностите неможат да се променат туку мора наместо тоа да бидат прифатени. Јас мислам дека ова хоза искуство кое јас го опишувам делува како лепак да создаде чувство на заедница со сангата, и ова за возврат исто ги охрабрува членовите да веруваат во процесот на тедори.

Непостојаноста е постојано фактор во животот, луѓето се сретнуваат со сите предизвици кои се отвараат помеѓу раѓањето и смртта. Болеста е очигледен пример, членови на фамилијата кои починуваат е друг, вработувањето може да биде стресно или нестабилно, и постојано постои нешто достапно на вестите за светските настани кое може да предизвика вознемирување. Сепак, секоја Недела наутро, без обзир што се случува, сангата е тука и достапна за внимателно слушање; та е постојано и сигурно социјално место. За некои луѓе, сангата може да биде единствена социјална околина каде тие можат да одат која е постојана и сигурна.

Јас гледам како постојаноста на чувството на заедница понудена од сангата ги принудува луѓето, со охрабрување на друг член на тедори, да одат длабоко во себеси и нивните околности. Додека вие го искусувате ова слушајќи како хоза учесник, делувајќи како хоза олеснувач, или за време на тедори, буда природата на говорникот станува видлива. Со нашите нови членови кои јас ги опишав, или секој друг кој е целосно вклучен, јас ја гледам јасно основната потреба која луѓето ја имаат да бидат слушнати без осуда и да имаат прифаќање со модел на размена срце-до-срце за тешки теми. Кога ова е обезбедено и буда природата е поврзана е изразена, луѓето наоѓаат начини да се движат напред над опстанок и да напредуваат повторно.

Членот кој јас го опишав тука има, после краток прекин, неодамна комплетирано негов докторат и почнал нова работа. Тој е многу повеќе опуштен во однос на тоа кога го сретнав за првпат. Неговото движење напред во животот било употполнето преку негови напори и поддршката која тој ја примил преку земање засолниште во Трите Богатства.

# Да се најде радост во негување на луѓе

## Гледајте ги луѓето низ очите на сочуство

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Воспитан на овој начин, јас дојдов до тоа да го посветам мојот живот кон водење други во вербата во Лотос Сутрата и да ги негувам нив. Прво јас водев една личност и после друга, и пред да знам за тоа, овој напор порасна во денешната Ришо Косеи-каи. Водејќи и негувајќи луѓе никогаш не го чувствував како тешкотија; попрво, тоа е радост над зборовите. Јас неможам да помислам на друга работа во светот која му овозможува на некого да ужива во толката среќа.

Од моето искуство, тоа што е најважно за негување на луѓе е откривање во што тие се добри. Секој поседува вродена желба на нивната буда природа да се подобрат себеси и да бидат корисни за другите. Заради тоа, ние треба да го пратиме изразувањето на нивната природа со сочуствителен поглед. Тоа е она што значи да се негува некој. Овој сочуствителен начин на однесување со другите е начинот на кој мојот дедо и татко комуницираа со мене.

Од друга страна, постои поглед дека затоа што сите луѓе имаат мани и лоши навики, личноста неможе да расте во зрел човек освен ако не е

соодветно корегирана. Сепак, кога критизиран, духот на секого тоне, и ние завршуваме обесхрабрени. Така попрво отколку фокусирање само на недостатоците на луѓето, вие треба да ги откриете нивните силни страни, мислејќи, 'Таму мора да постои страна на оваа личност од која буда природата може најлесно да се манифестира.'

Ова е како пасусот во Лотос Сутрата каде Бодисатвата Согледувач на Звуците во Светот гледа врз живите битија со очи на сочуство и ги дарува со огромен и неизмерен океан на благослови. Кога ние гледаме кон другите со очи на сочуство, резултатот е чувство на изобилна среќа – 'океан на благослови, огромен и неизмерен' (поглавје 25, 'Бодисатвата Согледувач на Звуците вво Светот како Универзален Портал').

Во реалноста на модерното општество, ние сигурно се соочуваме со многу тешкотии. Но, споредувајќи го секојдневниот живот и практикување при Ришо Косеи-каи со сумо борење, членовите велат, 'Ако животот на работа и дома е главен турнир, тогаш Дарма круговите при Ришо Косеи-каи служат како место за тренинг.'

Ришо Косеи-каи е место за тренинг затоа што водачите на Дарма центрите даваат внимателно, детално водство како тренер, кажувајќи ви вам, 'Обиди се на овој начин,' или 'Обиди се на тој начин,' за да ви помогнат да избегнете да ги повторувате грешките во секојдневниот живот. И понекогаш, тие дури подучуваат конкретни, практични пристапи кон животот во стил чекор-по-чекор, исто како што мојот татко еднаш ни покажа како да ја сечиме тревата, на пример. Заради тоа сесиите на Дарма кругот, исполнувајќи ја улогата на пердувите на птицата-родител, се места каде што луѓето се негуваат еден со друг.

Не постои работа толку радосна како негување луѓе и нивно водење. Причината е затоа што тоа е бодисатва практика изведувана преку изразувањето на вашата буда природа. И како што вие продолжувате да ги негувате другите на овој начин, вие природно се подобрувате себеси и стекнувате самодоверба. И колку повеќе луѓе вие водите и им помагате да растат, толку повеќе работата на негување на други станува радост, и толку повеќе таквиот е природно збогатен со поголема доблест.



# Rissho Kosei-kai International

## Make Every Encounter Matter



## A Global Buddhist Movement




Information about local Dharma centers

facebook

X

✉ Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp